# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 09.05.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.**

1. Се прогласува Одлуката за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2023 година.

2.Одлуката за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09- 554/2
09.05.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 142 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РСМ,, бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 89/2020; 302/2020; 311/2020; 163/2021; 294/2021; 99/2022; 236/2022; 273/2022; 65/2023), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 09.05.2023 г. донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.**

Член 1

Со оваа одлука се донесува Социјален план на општина Кривогаштани 2023-2026 г.

Член 2

Социјалниот план на општина Кривогаштани е изготвен од страна на Општинскиот совет за социјална заштита за временски период од 2023-2026 година.

Член 3

Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-536/3
09.05.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

ПРИЛОГ: Социјален план на општина Кривогаштани 2023-2026 г.

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 26-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 09.05.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1. Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.......................................................................................1

- Одлука за донесување на Социјален план на Општина Кривогаштани 2023-2026 г.1

ПРИЛОГ: Социјален план на општина Кривогаштани 2023-2026 г.

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**